Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 14**

**31.10.2013**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година-III квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година-III квартал, донесен на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/1** **Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**107.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) Советот на општина Демир Хисар на седмата седница одржана 29.10.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2013 година за III квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за III-квартал.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-797/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за именување на Претседател на Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата**

1.Го објавувам Решението за именување на Претседател на Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, донесено на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/2** **Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**108.** Врз основа на член 43 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен весник на РМ" бр.3/02/ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.10.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Претседател на Општинскиот Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата**

1.За Претседател на Општинскиот Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата се именува

**1. Димче Лозевски – дипломиран сообраќаен инжинер**

2 . Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Д-но:
-Архива
-Странка
-РСБСП

**Бр. 07- 797/4** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ќире Ристевскис.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за определување на опфатот на постојаната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на опфатот на постојаната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-834/3** | **Општина Демир Хисар** |
| **31.10.2013 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | **Љупчо Блажевски с.р.** |

**109.** Врз основа на член 82 став 1,2 и 3од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ" бр.5/02) и членовите 2 и 130 од Статутот на Општина Демир Хисар, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.10.2013 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**За определување на опфатот на постојната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места**

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места согласно урбанистичките планови на населените места во општина Демир Хисар.

Член 2
Урбана заедница што е постојна во градот Демир Хисар е вкупно 1 (една), а месни заедници што постојат во населените места се 39.

Член 3
Опфат на урбаните заедници во градот Демир Хисар, во границите на урбаната единица град Демир Хисар.

Член 4
-Месна заедница Бабино, во границите на катастарската општина Бабино,

-Месна заедница Базерник, во границите на катастарската општина Базерник,

-Месна заедница Бараково, во границите на катастарската општина Бараково,

-Месна заедница Белче, во границите на катастарската општина Белче,

-Месна заедница Боиште, во границите на катастарската општина Боиште,

-Месна заедница Брезово, во границите на катастарската општина Брезово,

-Месна заедница Вардино, во границите на катастарската општина Вардино.

-Месна заедница Велмевци, во границите на катастарската општина Велмевци,

-Месна заедница Вирово, во границите на катастарската општина Вирово,

-Месна заедница Големо Илино, во границите на катастарската општина Големо Илино,

-Месна заедница Граиште, во границите на катастарската општина Граиште,

-Месна заедница Доленци, во границите на катастарската општина Доленци,

-Месна заедница Единаковци, во границите на катастарската општина Единаковци,

-Месна заедница Жван, во границите на катастарската општина Жван,

-Месна заедница Железнец, во границите на катастарската општина Железнец,

-Месна заедница Журче, во границите на катастарската општина Журче,

-Месна заедница Загориче и Утово, во границите на катастарската општина Загориче и Утово,

-Месна заедница Зашле, во границите на катастарската општина Зашле,

-Месна заедница Кочиште, во границите на катастарската општина Кочиште,

-Месна заедница Кутретино, во границите на катастарската општина Кутретино,

-Месна заедница Мало Илино, во границите на катастарската општина Мало Илино,

-Месна заедница Мренога, во границите на катастарската општина Мренога,

-Месна заедница Мургашево, во границите на катастарската општина Мургашево,

-Месна заедница Ново Село, во границите на катастарската општина Ново Село,

-Месна заедница Обедник и Лесково, во границите на катастарската општина Обедник и Лесково,

-Месна заедница Прибилци, во границите на катастарската оптшина Прибилци,

-Месна заедница Радово, во границите на катастарската општина Радово,

-Месна заедница Ракитница, во границите на катастарската општина Ракитница,

-Месна заедница Растојца, во границите на катастарската општина Растојца,

-Месна заедница Света, во границите на катастарската општина Света,

-Месна заедница Сладуево, во границите на катастарската општина Сладуево,

-Месна заедница Слепче, во границите на катастарската општина Слепче,

-Месна заедница Слоештица, во границите на катастарската општина Слоештица,

-Месна заедница Смилево, во границите на катастарската општина Смиелво,

-Месна заедница Сопотница, во границите на катастарската општина Сопотница,

-Месна заедница Стругово, во границите на катастарската општина Стругово,

-Месна заедница Суво Грло, во границите на катастарската општина Суво Грло,

-Месна заедница Суводол, во границите на катастарската општина Суводол,

-Месна заедница Церово, во границите на катастарската општина Церово,

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар

**Бр. 07- 797/5 Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година Претседател**
**Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за усвојување на правила за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на правила за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/4 Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.**

**110.** Врз основа на член 82 став 4 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ” бр.5/02) и членовите од глава IX од Статутот на Општина Демир Хисар, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.10.2013 година, донесе

Одлука за усвојување на правила за работа на месните заедници во Општината Демир Хисар

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овие правила се уредува работата на облиците на месна самоуправа основани на подрачјето на општината, а особено:работите во надлежност на месните заедници, организацијата на месните заедници, финансирањето, соработката меѓу месните заедници, комуникацијата со општината, информирањето на граѓаните во месната заедница, надзорот и други прашања од значење за работата на месната заедница.

**Член 2**

Граѓаните во општината ги основаат месните заедници[1] заради остварување на уставното право на месна самоуправа, како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачје за кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа.

**Член 3**

Во општината се создаваат услови за основање на месните заедници, како битен елемент на општината и се овозможува на граѓаните да придонесуваат за нејзино подобро функционирање во целина, непосредно да ги согледуваат проблемите на заедничкиот живот во соседството, да расправаат за можностите за нивно решавање, да донесуваат одлуки и да здружуваат средства, како и непосредно да се ангажираат во спроведувањето на заеднички донесените одлуки.

**Член 4**

Месните заедници работат во рамките на правата утврдени со Статутот на општината, одлуката за основање, одвие правила и делегираните надлежности од градоначалникот на општината**.**

**Член 5**

Месната заедница има име утврдено со Одлуката за основање.

На подрачјето на општината имињата на месните заедници се разликуваат и не може да постојат две или повеќе месни заедници со исто име.

---

***[1] Правилата соодветно се однесуваат и на урбаните заедници, како облик на месна самоуправа што може да се основа во општините. Секоја општина треба да ги усогласи согласно своите специфичности и потреби.**

**Член 6**

Работењето на месната заедница се однесува за подрачјето за кое е основана.

**Член 7**

Месната заедница користи печат, со кој ја потврдува автентичноста на потписите на овластените лица на донесените документи.

Печатот на месната заедница е со округла форма со испишан текст на името на општината во концентричен круг, а името на месната заедница е испишано хоризонтално во средината на печатот.

За употребата на јазикот и писмото на печатот соодветно се применуваат одредбите од статутот на општината што се однесуваат на употребата на службените јазици во општината.

**Член 8**

Месната заедница ја претставува и застапува претседателот на Советот на месната заедница ( во натамошниот текст: Совет).

Во отсуство на претседателот на советот, месната заедница ја претставува и застапува член на Советот определен од претседателот на Советот.

Во месната заедница во која не се избира Совет, месната заедница ја претставуваи застапува претседавачот на собирот на граѓани на месната заедница.

**Член 9**

Месните заедници меѓусебно соработуваат заради остварување на нивните заеднички интереси.

Месните заедници може заради остварување на заеднички интереси да соработуваат и да здружуваат средства и со месни заедници од подрачјето на други општини во согласност со Договор помеѓу општините.

**Член 10**

Месната заедница задолжително се евидентира во евиденцијата на облиците на месна самоуправа што се води во општината.

## II. РАБОТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 11**

Надлежности на месните заедници се:

- разгледување и заземање ставови за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје,
- утврдување предлози за прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје,
- одлучување за одделни прашања што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на општината и органите на државната власт.

**Член 12**

Граѓаните во месната заедница расправаат, даваат иницијативи за донесување одлуки и други прописи, даваат иницијативи за остварувањето на заедничките интереси, им даваат предлози на надлежните органи и преземаат мерки за разрешување на локални и проблеми обласа на:

- комуналните дејности (снабдувањето со вода и одведувањето на отпадните води, одржување на хигиената и зеленилото, изградбата и одржувањето на патната мрежа, уредувањето и одржувањето на гробиштата во селата и др.);
- заштитата на животната средина (заштита од загадување на водата, воздухот и почвата, заштита од прекумерна бучава и др.);
- урбанистичко уредување на просторот;
- јавниот превоз на патници;
- образованието, здравството и социјалната заштита;
- културни, забавни и спортски манифестации и одржувањето на објектите од јавен интерес;
- развивањето на добрососедските односи;
- снабдувањето со стоки и услуги, како и заштитата на потрошувачите;
- други прашања од секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

**Член 13**

Месните заедници имаат право да даваат иницијативи и предлози за решавање на определени прашања од страна на општината, како и да бараат од општината да ги покренува тие прашања пред други надлежни органи.

**Член 14**

Месните заедници даваат предлози до органите на Општината за членови на посебните тела на општината кои разгледуваат прашања од обласа на урбанизмот, заштитата на потрошувачите, односите меѓу заедници застапени во општината, како и за други предлози за кои тоа е предвидено со закон, статутот и другите прописи на општината.

**Член 15**

Месните заедници вршат и определени работи од надежност на Општината, доколку им бидат доверени од градоначалникот.

Средствата за вршење на пренесените работи ги обезбедува Општината.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 16**

Во месните заедници за вршење на работите од нивна надлежност се организира Собир на граѓани, може да се

формира Совет, да се свикуваат специјализирани (интересни ) собири и да се спроведува анкета.

За формирање на Совет одлучуваат граѓаните со живеалиште на подрачјето на месните заедници.

Во месните заедници во кои не се формира Совет, работите се вршат преку Собир на граѓани.

## 1. СОБИР НА ГРАЃАНИ

**Член 17**

Собирот на граѓани (во натамошниот текст: Собир) го сочинуваат сите полнолетни граѓани со живеалиште на подрачјето на месните заедници.

Собирот се свикува, со писмени известувања, преку дневниот печат, преку електронски медиуми или на друг погоден начин.

**Член 18**

На Собирот се разгледуваат и се усогласуваат ставовите по прашања од надлежност на месната заедница, се покренуваат иницијативи и се одлучува за прашања од заеднички интерес на жителите.

**Член 19**

На Собир, граѓаните на месната заедница:

- покренуваат иницијатива до општината за распишување на референдум
- одлучуваат за формирање Совет и избор на членови на Советот,
- расправаат и решаваат за други работи утврдени со закон, Статут на Општината и други прописи на општината,
- разгледуваат проекти од интерес за месната заедница.

**Член 20**

На Собирот во одлучувањето учествуваат полнолетните граѓани, а одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

За работата на собирот се води записник.

### а) Собир во месните заедници во кои не се формира Совет

**Член 21**

Собирот во месната заедница во кои не се формира Совет , на првото свикување избира претседател на Собирот со мандат од 4 години

**Член 22**

Собирот во месните заедници во кои не се формира Совет го свикува претседателот на Собирот по сопствена иницијатива и на предлог на 5% полнолетни жители на Месната заедница, откако претходно се информирани граѓаните на соодветен начин.

Собирот се свикува најдоцна 7 дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 1 на овој член.

Доколку претседателот не го свика Собирот, граѓаните сами се организираат и го одржуваат Собирот.

**Член 23**

Со Собирот во месната заедница во кои не се формира Совет раководи Претседателот на Собирот.

Претседателот на Собирот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред.

По точките од дневниот ред се води расправа.

.

### б) Собир во месните заедници во кои се формира Совет

**Член 24**

. Со Собирот во месните заедници во кои се формира Совет, претседава претседателот на Советот на месната заедница.

**Член 25**

Собирот во месните заедници во кои се формира Совет го свикува претседателот на Советот , на предлог на 1/3 членови на Советот, како и на предлог на 5% граѓани на месната заедница.

Собирот се свикува најдоцна 7 дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 1 на овој член.

Доколку претседателот на Советот не го свика Собирот , граѓаните сами се организираат и го одржуваат Собирот.

**Член 26**

Со Собирот во месните заедници во кои се формира Совет раководи Претседателот на Советот.

Со Собирот во месните заедници во кои не се формира Совет раководи Претседателот на Советот.

Претседателот на Советот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред .

## 2 .СОВЕТ

**Член 27**

Советот се состои од (3-7) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

**Член 28**

На членот на Советот, мандатот му престанува во следните случаи:

- со оставка,
- поради смрт,
- со промена на местото на живеење,
- поради одсуство подолго од шест месеци.

**Член 29**

Советот или одделни негови членови можат да бидат отповикани и пред истекот на мандатот:

- неоправдано отсуство од седниците на Советот
- непочитување на правилата за работа
- непримерно однесување

**Член 30**

Членувањето во Советот е доброволно.

**а) Предлагање, утврдување и избор на членови на Советот**

**Член 31**

Членовите на Советот се избираат на собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно. [2]

**Член 32**

Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој полнолетен присутен член на собирот.

Предлозите за кандидат се даваат поединечно и секој има право да предложи само еден кандидат.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

**Член 33**

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот, жители на месната заедница.

Во случај повеќе граѓани да добиле мнозинство гласови се избира според бројот на добиените гласови.

**Член 34**

На собирот на граѓаните може да се предложат, односно утврдат најмногу два пати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на Советот.

**Член 35**

Изборот на членовите на Советот се врши со јавно гласање со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака.

**Член 36**

Членовите на Советот со тајно гласање, се избираат со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот.

Тајното гласање се спроведува со гласачки ливчиња на начин и постапка што обезбедува изјаснувањето на граѓаните да биде непосредно, слободно и тајно, а резултатите да бидат утврдени на транспарентен начин.

Тајното гласање го спроведува комисија која ја избира собирот и е составена од три члена.

**Член 37**

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови, и заради тоа не може да се утврди кој од нив добил мадат за член на советот, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати колку не се избрани.

**б) Работа на Советот**

**Член 38**

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се одржуваат по потреба.

**Член 39**

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советотот.

За својата работа Советот може да донесе Деловник за работа.

**Член 40**

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав во рок од 30 дена по одржувањето на изборите.

**Член 41**

Доколку првата седница на Советот не е свикана во рокот од претходниот член, членовите на Советот сами се состануваат и го конституираат Советот.

**Член 42**

На првата седница, Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови избира Претседател на начин опеределен за избор на претсесдател на советот на општината согласно Законот за локалната самоуправа.

До изборот на претседател на Советот со седницата раководи еден од членовите на Советот.

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 43**

Советот работи доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број негови членови.

Советот одлучува со мнозинство од присутните членови.

**Член 44**

Во случај на престанок на мандатот на член на Советот се спроведуваат дополнителни избори.

**[2] Општините со овие правила, во согласност со Статутот на општината, можат да го определат терминот – денот на кој се вршат изборите, по истекот на мадатот на дотогашните членови на советот на месната, односно урбаната заедница и да го утврдат органот што ги распишува изборите.**

**Член 45**

Советот ги врши следните рабоати:

- донесува Програма и план за работа на месната заедница,
- донесува одлуки за изградба, одржување и користење на објекти од јавен интерес, кои не се во надлежност на органите на општината или органите на државната власт
- донесува Деловник за својата работа,
- поднесува иницијатива за распишување референдум,
- утврдува предлози за кои граѓаните одлучуваат на собир,
- се грижи за спроведување на заклучоците на Собирот на граѓаните,
- именува членови на комисии и други тела на Советот,
- донесува одлука за свикување собир на граѓани и презема активности за нивно одржување,
- спроведува анкети,
- соработува со Градоначалникот, Советот на Општината и други органи и организации,
- врши и други работи определени со закон, Статутот на Општината и други прописи.

**Член 46**

Советот за својата работа е одговорен пред собирот на граѓаните.

**Член 47**

Претседателот на Советот на месната заедница ги врши следните работи:

- ја претставува и застапува месната заедница,
- се грижи за подготвување на седниците на Советот,
- ги потпишува актите и заклучоците на собирот на граѓаните како и на органите и телата на месната заедница,
- го информира Советот за својата работа,
- раководи со реализацијата на програмата на месната заедница одобрена од општината,
- соработува со општинската администрација во реализацијата на надлежностите на месната заедница,
- ги врши работите делегирани од градоначалникот на општината,
- се грижи за законитоста на работењето на месната заедница.

**в) Работни тела на советот**

**Член 48**

За следење и разгледување на одделни прашања и појави, давање на предлози и предлагање на мерки, Советот може да формира работни тела:

- комисија за уредување на населбата,
- комисија за заштита и унапредување на човековата околина,
- комисија за јавни дејности,
- комисија за развој, унапредување на услужни дејности, занаетчиство, земјоделство и други стопански дејности и друго
- комисија за спорт и рекреација.

Советот по потреба може да формира и други работни тела.

**Член 49**

Со актот за формирање на работните тела, се утврдува делокругот , составот и времето за кое се формираат работните тела.

**Член 50**

Работните тела за својата работа поднесуваат извештај до Советот најмалку еднаш годишно.

## 3. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ( ИНТЕРЕСНИ ) СОБИРИ

**Член 51**

Советот за разгледување на одделни прашања може да свика специјализирани собири.

Како специјализирани собири може да се свикаат:

- собир на потрошувачи и корисници на услуги,
- собир на родители,
- собир на станари,
- собир на индивидуални земјоделци,
- собир на лозари и
- други специјализирани собири .

На специјализираните собири се разгледуваат прашања, состојби и проблеми од областите за кои е свикан Собирот.

На специјализираните собири можат да се поканат и претставници на Општината, одделни подрачни единици na Министерствата и други заинтересирани органи и организации.

## 4. АНКЕТА

**Член 52**

Анкетата е форма преку која граѓаните писмено одлучуваат за одредени предлози на Советот, Градоначалникот и Советот на Општината, за утврдување приоритет при решавањето на одделни прашања и давање мислења и предлози кои прашања би требало да се третираат во наредниот период.

Ако мнозинството од жителите по пат на анкета се изјаснат за определен предлог на Советот, Градоначалникот или Советот на Општината, во тој случај истиот се смета за прифатен.

Одлука за спроведување на анкетирањето донесува Советот.

## IV. ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА

**Член 53**

Месните заедници работите од своја надлежност ги извршуваат со стручна, техничка и материјална подршка од општината.

Стручната подршка подразбира подготовка на планови, проекти и други материјали со кои месните заедници покренуваат решавање на прашања од интерес на граѓаните на нивното подрачје.

Техичката подршка подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комуникација.

Материјалната подршка подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

**Член 54**

Подршката на работата месните заедници се обезбедува преку државни службеници во општинската администрација задолжени за месната самоуправа.

Претставниците на месните заедници подршката ја остваруваат непосредно со државниот службеник од став 1 на овој член.

**Член 55**

Подршката на работата се обезбедува и преку дополнителни контакти на претставниците на месните заедници со државните службеници од општинската администрација.

Подршка се обезбедува и преку задолжително присуство на раководни државни службеници од општинската администрација на собири и седници на совет заради давање стручно појаснувања и образложенија на материјали за кои се расправа .

**Член 56**

За доверените работи од градоначалникот на претседателот на Советот целосно се обезбедуваат услови за нивно извршување.

За извршување на доверените работи од страна на градоначалинкот на претседателот на месната заедница се даваат упатства и насоки.

Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 57**

Работата на месните заедници се финансира од:

- Буџетот на општината,
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат,
- приходи од имот што општината и го дала на месната заедница на управување,
- средства што ќе ги отстапат заинтересираните правни и физички лица,
- подароци и
- други средства.

**Член 58**

Од Буџетот на општината се финасира:

- теловното работење на месните заедници,
- програми за финансирање на одредени активности на подрачјето на месните заедници,
- други потреби на месните заедници

**Член 59**

За финансирање на тековните активности месната заедница е должна до крајот на второто тромесечие од тековната година до општината да ги достави годишните потреби на средства за покривање на тековните трошоци.

**Член 60**

Со програма за финансирање на одредени активности на своето подрачје месните заедници го утврдуваат видот на активностите, го определуваат износот и изворите на средства и ја определуваат динамика за нивно извршување.

Програмата се доставува до општината во календарската година до крајот на вториот квартал, со предлог за нејзино вградување во буџетот на општината за наредната календарска година.

Програмите за кои се обезбедени повеќе од 50% од потребните средства од страна на месните заедници имаат приоритет при утврдувањето на Буџетот на општината.

## VI. СОРАБОТКА МЕЃУ МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 61**

Месните заедници од подрачјето на општината остваруваат меѓусебна соработка и поврзување за остварување на заеднички цели и интереси.

Меѓусебната соработка се остварува преку

- покренување на заеднички иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност,
- меѓусебно договарање за единствен приод во разрешување на прашања од заеднички интерес,
- размена на искуства од своето работење.

Меѓусебната соработка се остварува со организирање на средби на претставниците на Месните заедници, заеднички седници на советите и на работните тела.

Заедничките иницијативи на месните заедници до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност се покренуваат со усвојување на идентичен текст на иницијативата, од страна на месните заедници.

**Член 62**

Месните заедници од подрачјето на општината можат да соработуваат и со месните заедници од подрачјето на соседна општина.

Месната заедница е должна да ја извести општината за остварена соработка со месната заедница од друга општина ако соработката е остварена за прашање од надлежност на општината.

## VII. КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА

**Член 63**

Месните заедници остваруваат комуникација со општината преку присуство на нејзини претставници на средби со градоначалникот на општината со претседателот на Советот.

Средбите се одржуваат по иницијатива на претставници на месните заедници или по иницијатива на градоначалникот на општината или советот.

Претставници на месните заедници можат да присуствуваат на седниците на советот особено кога се расправа за прашања кои имаат допирни точки со интересите на жителите од месната заедница.

**Член 64**

Месните заедници редовно се информираат за седниците на Советот.

Месните заедници по барање на Советот даваат мислење по материјалите што се од непосреден интерес за граѓаните на месните заедници.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 65**

Советот е должен редовно да ги информира граѓаните за покренатите иницијативи, за прашањата за кои непосредно одлучува како и за активностите што ги презема, а што се од значење за граѓаните.

Информирањето на граѓаните се врши преку соопштенија истакнати на погодни места, преку средствата за јавно информирање или друг погоден начин.

## IX.НАДЗОР

**Член 66**

Надзор над примената на Правилата за работа на месната заедница врши општината.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 67**

Со влегување во сила на овие Правила , престанува да важи Статутот на месната заедница.

**Член 68**

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во службеното гласило на општината.

| | |
|---|---|
| **Бр. 07- 797/6** | **Совет на општина Демир Хисар** |
| **29.10.2013 година** | **Претседател** |
| **Демир Хисар** | ***Ќире Ристевски с.р.*** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за распишување на избори по месните и урбаната заедница во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за распишување на избори по месните и урбаната заедница во Општина Демир Хисар, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-834/5** | **Општина Демир Хисар** |
| **31.10.2013 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | **Љупчо Блажевски с.р.** |

**111.** Врз основа на член 84 и 85 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ” бр.5/02) и членовите од глава IX од Статутот на Општина Демир Хисар, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.10.2013 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распишување на избори по месните и урбаната заедница во општина Демир Хисар**

Член 1

Се задолжува Градоначалникот на општина Демир Хисар да распиши избори по месните и урбаната заедница во Општина Демир Хисар.

Спроведувањето на оваа постапка треба да заврши до 31.12.2013.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 797/7** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Листата на информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Листата на информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/6** **Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**112.** Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр.3/06, 86/08 и 6/10), и член 129 г од Статутот на општина Демир Хисар, по предлог на Градоначалникот на општина Демир Хисар, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.10.2013 донесе:

**Листата на информации од јавен карактер во општина Демир Хисар**

I).Информации со кои располага општина Демир Хисар, а кои се утврдени како информации од јавен карактер достапни до барателите, се следниве:

**1) Информации за работата на Советот на Општина Демир Хисар**
-Одлуки, решенија, заклучоци, иницијативи, препораки, програми, стратегии, ставови, информации
-Информации од работењето на Комисиите и посебните тела на Советот на општина Демир Хисар (предлози, заклучоци, мислење, ставови)
**2) Информации за работата на Градоначалникот на општина Демир хисар**
-Решенија, дозволи, планови, ставови, мислења
**3) Информации за работата на општинската администрација на општина Демир Хисар**
**3.1) Одделение за правни и општи работи**
-Одлуки, решенија, програми, заклучоци и други акти поврзани со работата на органите на општина Демир Хисар од областа на норматоправните и општите работи, услугите на граѓаните, месната самоуправа, заштитата и спасувањето.
**3.2) Одделение за ЛЕР и јавни дејности**
-Решенија, планови, програми од областа на здравствената и социјалната заштита, образованието, спортот, младинската политика, соработката со невладините организации,
-Стратешки документи, акти, одлуки, решенија , програми од областа на
локалниот економски развој
**3.3) Одделение за финансиски прашања**
-Нацрт буџет на Општина Демир Хисар,
- Буџет на општина Демир Хисар,
-Годишен извештај по завршна сметка на Буџетот на Општината,
-Одлуки поврзани со донесување на Буџетот,
-Одлуки поврзани со утврдувањето на висината и стапките на данокот на имот, данок на наследство и подарок, данок на подарок на недвижности, комунални такси
**3.4) Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности**
-Детален урбанистички план на град Демир Хисар
-Генерални урбанистички планови
-Урбанистичка документација за населени места
-Изводи од планови
-Иницијативи, програми и планови во областа на урбанистичкото планирање
-Планови и програми од областа на комуналните работи
- Планови, програми, стратешки документи од областа на заштитата на
животната средина
-Одлуки, планови, програми од областа на сообраќајот
-Водење на управна постапка

**3.5) Одделение за инспекциски надзор**
-Информации, ставови, мислење од областа на работата на инспекциските служби.

**3.6) Одделение за управување со човечки ресурси**
-Информации од областа на работењето на одделението

**3.7) Одделение за внатрешна ревизија**
-Информации од областа на работењето на одделението
4) **ТППЕ Демир Хисар**

**-** Информации од областа на работењето на ТППЕ

II) Листата на информации од јавен карактер ќе се објави на огласната табла и Службениот гласник на општината Демир Хисар.
III) Со стапувањето на сила на оваа Листа, престанува да важи поранешната.
IV) Листата на информации од јавен карактер влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 797/8 Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година Претседател**
**Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за општина Демир Хисар за 2013 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за општина Демир Хисар за 2013 година, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/7 Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.**

**113.** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 70/2013) и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 55/2013) и чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти (Сл весник на РМ бр. 155/2012 и измените на Законот), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.10.2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2013год.***

**Член 1**
Во членот 1 од Програмата за урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2013год. се додаваат следните точки:

- Во Глава V, која се однесува на изработка на урбанистички планови во село, се додава нова точка 4, која се однесува за изработка – измени и дополнување на Урбанистички план во населено место с.Обедник, за вклопување на бесправно изграден објект, ТС10/04 кV „Обедник", а по барање на Министерство за транспорт и врски, во постапка за утврдување на правен стаус на бесправно изграден објект од инвеститорот ЕВН, Електростопанство на Македонија.

- Во Глава V, која се однесува на изработка на урбанистички планови во село, се додава нова точка 5, која се однесува за изработка – измени и дополнување на Урбанистички план во населено место с.Стругово, за вклопување на бесправно изграден објект, ТС10/04 кV „Стругово", а по барање на Министерство за транспорт и врски, во постапка за утврдување на правен стаус на бесправно изграден објект од инвеститорот ЕВН, Електростопанство на Македонија.

- Во глава IV, која се однесува на изработка на ЛУПД, се додава нова точка 10, која се однесува на изградба на градби со намена Е2 – комунална супраструктура – фотоволтаична централа, на КП бр. 1023, КО Суводол, општина Демир Хисар, а по барање на Ефтимовски Сашо и Петровски Милан.

- Во глава IV, која се однесува на изработка на ЛУПД, се додава нова точка 11, која се однесува на изградба на градби со намена Е2 – комунална супраструктура – фотоволтаична централа, на КП бр. 1040/1 и КП бр. 1041/2, КО Суводол, општина Демир Хисар, а по барање на Ефтимовски Сашо и Петровски Милан.

**член 2**
Измените на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 797/9 Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година Претседател**
**Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа за КП бр. 1023 КО Суводол**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа за КП.бр. 1023 КО Суводол, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/8** **Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**114.** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 70/2013-пречистен текст и Измени на Законот Сл. весник на РМ бр. 55/2013год.), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.10.2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
***за отпочнување на изработка на ЛУПД за за изградба на фотоволтаична централа за КП бр. 1023, КО Суводол***

**член 1**
Се отпочнува со изработка на ЛУПД за изградба на градби со намена Е2 – комунална супраструктура, фотоволтаична централа со опфта за КП бр. 1023, КО Суводол, со вкупна површина од 3178м$^2$. Барањето-иницијативата е поднесена од страна на Ефтимовски Сашо и Петровски Милан, и двајцата од Скопје

Согласно чл. 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 4**
Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник
на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 797/10** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа за КП бр.1040/1 и КП.бр.1040/2 КО Суводол**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа за КП бр.1040/1 и КП бр.1040/2 КО Суводол, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/9** **Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**115.** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 70/2013-пречистен текст и Измени на Законот Сл. весник на РМ бр. 55/2013год.), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.10.2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
***за отпочнување на изработка на ЛУПД за за изградба на фотоволтаична централа за КП бр. 1040/1 и КП бр. 1040/2, КО Суводол***

**член 1**
Се отпочнува со изработка на ЛУПД за изградба на градби со намена Е2 – комунална супраструктура, фотоволтаична централа со опфат за КП бр. 1040/1 и КП бр. 1040/2, КО Суводол, со вкупна површина од 7979м$^2$. Барањето-иницијативата е поднесена од страна на Ефтимовски Сашо и Петровски Милан, и двајцата од Скопје

Согласно чл. 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од

Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник
на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 797/11** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ќире Риситевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за потврдување на решението за одобрување на ЛУПД**

1.Ја објавувам Одлуката за потврдување на решението за одобрување на ЛУПД, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/10** **Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**116.** Врз основа на член 50а, од Закон за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.55/2013 и 70/2013-пречистен текст), член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.Гласник на општина Демир Хисар, бр.3/02 г.), а во врска со Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УПбр.11-66 од 29.10.2013 година, Советот на општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
***За потврдување на решението за одобрување на ЛУПД***

1.Се **ПОТВРДУВА** Решението за одобрување на Локална планска урбанистичка документација за изградба на туристички, угостителски и рекреативни објекти на КП бр. 3795 и 4098/3, м.в. Горна Куќа, КО Слепче, општина Демир Хисар, со површина на плански опфат од 0,44ха со намена Б-комерцијални и деловни намени, Б3 – угостителски и туристички капацитети, поднесена од Ангел Манче од с. Слепче, Демир Хисар

2.Составен дел на оваа Одлука е Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УП1 бр.11-66 од __________ , донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар, а врз основа на Записникот за прифаќање на ЛУПД од страна Комисијата за прифаќање на ЛУПД УПбр.11- од ___________ година и Заклучокот за давање предлог до градоначалникот за одобрување на ЛУПД од истата комисија УПбр.11-66 од _____________ год.

3.Се **ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација по донесувањето на оваа одлука, во законски предвиден рок, да започне постапка за издавање на одобрение за градење по доставено барање од страна на инвеститорот.

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

Доставено до:
- *Инвеститорот*
- *архивата*

**Бр. 07- 797/12** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ќире Риситевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Согласност на Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУД детска градинка „Втори Септември" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста на Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУД детска градинка „Втори Септември" Демир Хисар, донесена на десеттата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.10.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-834/11 Општина Демир Хисар**
**31.10.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.**

**117.** Врз основа на член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.10.2013 година донесе

**С О Г Л А С Н О С Т**

**На Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Се дава Согласност на Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар.

2.Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар ќе се применува веднаш по добивањето на Согласноста од Советот на Општина Демир Хисар.

3.Одлуката за измени и дополнување е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар по добиената Согласност.

**Бр. 07- 797/13 Совет на општина Демир Хисар**
**29.10.2013 година Претседател**
**Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.***

---

**С О Д Р Ж И Н А**

1 Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година-III квартал------------------------------ 1
2.Решение за именување на Претседател на ОСБСП Демир Хисар------------------------------------1
3. Одлука за формирање и определување на опфатот на урбаната и месните заедници на подрачјето на општина Демир Хисар----------------------------2-3
4. Одлука усвојување на правила за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар---------------------3-9
5.Одлука за задолжување за распишување избори по месните и урбаната заедница во Општина Демир Хисар-----------9-10
6.Листа на информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар-------------------------------------------------10-11
7. Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2013 година----------------------11
8. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа за КП.бр.1023 КО Суводол---12
9. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа КП.бр.1040/1 и КП.бр.1040/2 КО Суводол-------------------------------------------------------12-13
10. Одлука за потврдување на Решението за одобрување на ЛУПД--------------------------------------------------------13
11. Согласност за Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за систематизација за работните места во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар------------------------13-14

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**